


Доколку сакаш да бидеш дел од тимот и имаш амбиција за унапредување на твојата кариера и примена на современи работни практики и знаења во областа на финансиски менаџмент, те мотивираме да се пријавиш на отворената работна позиција:

# Аналитичар во Сектор за финансиско управување

**Твоите активности:**

- Длабинска анализа и следење на финансиската позиција на Банката;
- Користење на базата на податоци на Банката за цели на анализа и известување;
- Примена на аналитички алатки;
- Надзор над примена на меѓународни и локални стандарди, правила и политики од областа на финансиското работење на Банката;
- Управување, координација и надзор на процесот на финансиско известување;
- Изработка на финансиски анализи и мислења за примена на меѓународни и локални стандарди, правила и политики од областа на финансиското работење.

**Твојот профил:**

- Универзитетско образование;
- Претходно работно искуство во финансиски и сродни индустрии;
- Познавање од областа на управување со податоци во финансиски менаџмент;
- Познавање на работа со бази на податоци, power query и Power BI алатка;
- Познавање на методи на анализа на податоци;
- Одлично познавање на MS Office - MS Excel и MS PowerPoint;
- Одлично познавање на англиски јазик;
- Изразени организациски, комуникациски и тимски способности, ангажираност, иницијатива, темелен пристап кон работата и спремност за промени.

**Твојот мотив да ни се придружиш:**

- Водечки регионален и домашен бренд и современо работно опкружување;
- Позитивна организациска култура базирана на меѓусебна доверба, тимски дух, развој на вработените, поттикнување иновации и креативност;
- Грижа за целокупната добросостојба на вработените вклучувајќи разновидни програми и активности, флексибилно работно време и слободни денови за различни пригоди;
- Континуирани програми за обука и можност за локален и интернационален кариерен развој;
- Учество во проекти и иницијативи на ниво на НЛБ Групација;
- Конкурентен пакет на плата и надоместоци (вклучувајќи приватно здравствено осигурување и трет пензиски фонд).

Потврди го твојот интерес со доставување на мотивациско писмо во кое ќе ги образложиш амбициите, мотивите и начините на придонес на наведеното работно место како и кратка биографија (CV) најдоцна до 05.11.2023, на NLBKariera@nlb.mk со назнака: **Аналитичар/Сектор за финансиско управување.**

NLB Banka